За Архиво

Република Македонија

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 11-6016/1
12.09.08 год.
Скопје

Врз основа на член 87 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05 и 24/07), министерот за животна средина на ден 29.08.2008 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Со ова решение се дава согласност на барањето за спроведување на Пректот: Изградба на Автопат Е-75, делница Демир Капија - Смоквица, Коридор 10, поднесено од Фондот за магистрални и регионални патишта, Република Македонија, на ден 03.07.2007 година.

2. Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина на Пректот: Изградба на Автопат Е-75, делница Демир Капија - Смоквица, Коридор 10 ги задоволува барањата за заштита на животната средина и природата со примена на мерките за спречување и за намалување на штетните влијанија врз животната средина, обработени во глава IX од Студијата.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во рок од пет работни дена од денот на донесувањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

***Образложение***

На ден 03.07.2007 година од Фондот за магистрални и регионални патишта, Република Македонија до Министерството за животна средина и просторно планирање пристигна Известување за намера за изведување на Пректот: Изградба на Автопат Е-75, делница Демир Капија - Смоквица, Коридор 10, заедно со барањето за определување на обемот на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина бр.02-8463/2 од 03.07.2007 година.

Согласно Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05 и 24/07) и Уредбата за определување на проекти и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр.74/2005), се утврди дека предложениот проект се наоѓа на Прилог 1 од Уредбата и за него треба да се спроведе постапка за оцена на влијанието врз животната средина.

За таа цел консултантите на Градежен Институт Македонија изработија Студија за оценка на влијанијата врз животната средина согласно Директивата на ЕУ 85/337/ЕЕЗ, изменета со 97/11/ЕЕЗ и 2003/35/ЕС; барањета од меѓународни договори ратификувани од Република Македонија, како и со Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05 и 24/070. Во студијата се испитани и обработени следните аспекти: квалитет на вода, луѓе, флора и фауна, почва и геологија, миризба, бучава и вибрации, предели, материјални добра, клима, културно наследство/археологија, поврзаност на горенаведените прашањата и мониторинг.

Целта на овој проект е изградба на современ автопат со шест ленти (по три во секоја насока) со предвидена фрекфентност на сообраќај од 12000 возила на ден, како годишен просек. Новиот автопат ќе се гради од градот Демир Капија до селото Смоквица. Ова е последната ненадградена делница од постојниот автопат Е-75, кој минува низ Република Македонија и ги поврзува Република Србија со Република Грција. Изградбата на преостанатата делница е заеднички Македонско-Грчки потфат (со помош на ЕУ, ИПА финансиски средства) со кој ќе се овозможи побрз и побезбеден транспорт на луѓе и стока од Централна Европа или до Турција и блискиот Исток, бидејќи истата ќе биде поврзана со "Виа Игнација" (запад-исток) автопатот во Грција. Автопатската делница минува низ Демиркаписката клисура и преостанатиот дел од клисурата и низ повеќе или помалку рамнинска област од село Миравци до село Смоквица. Вкупната должина на Алтернативата А е 32,8 км, а вкупната должина на Алтернатива Б е 27,3 км. Целата траса е ситуирана на ниска надморска височина (60м a.s.l до 500 м a.s.l.) со разлика од околу 400 метри. Проектот предвидува изградба на одреден број на мостови, тунели, премини, надземни и подземни, итн.

Согласно член 91 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05 и 24/07) се одржаа две јавни расправи во врска со Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина Пректот: Изградба на Автопат Е-75, делница Демир Капија - Смоквица, Коридор 10 и тоа: на ден 10.06.2008 јавна расправа се одржа во Домот на културата "Мирка Гинова", општина Демир Капија и на ден 25.07. 2008 година јавна расправа се одржа во Пионерскиот дом "Јосип Броз Тито", општина Гевгелија.

По спроведената јавна расправа, министерот за животна средина и простpно планирање на ден 11.08.2008 година формираше комисија за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина на Пректот: Изградба на Автопат Е-75, делница Демир Капија - Смоквица, Коридор 10. Комисијата согласно Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина

("Службен весник на РМ" бр. 33/06) на ден 14.08.2008 година го изработи Извештајот и го достави до министерот за животна средина и просторно планирање. Согласно член 90 став 1 точка 4 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05 и 24/07). Извештајот беше објавен во два дневни весници достапни на целата територија на Република Македонија и на Интернет страницата на Министерството за животна средина.

Врз основа на горенаведеното го одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова решение засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на животната средина, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението.

Изготвиле:
Зоран Бошев
Даниела Стефкова

Одобрил:
Миле Јакимовски

**МИНИСТЕР**

**Др. Неџати Јакупи**